FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

# ДВОМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈУЛИ И АВГУСТ 2013 ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И КРИМИНАЛОТ И СОСТОЈБАТА СО ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО ОПШТЕСТВОТО

*Транспарентност - Македонија* (ТМ) објавува редовни месечни извештаи за борбата против корупцијата и состојбата со транспарентноста во македонското општество, во областа на работењето на државните органи и другите општествени и политички институции во РМ. Преку извештаите ТМ укажува и предупредува на неправилности и непочитување на процедурите и добрите практики во спроведувањето на јавните политики и трошењето на јавните пари. Намерата е актерите во македонската политика, како и граѓаните, овие забелешки да ги сфатат конструктивно, како еден континуиран и објективен механизам за следење на состојбите во РМ во областа на транспарентноста на општеството и борбата против криминалот и корупција.

Во двомесечниот извештај за јули и август 2013 г. за состојбите во борбата против корупцијата и криминалот и состојбата со транспарентноста во општеството, ТМ сака да предупреди за следните случаи:

## СУДСКИ ПОСТАПКИ ЗА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

**1.** Транспарентност Македонија силно ја поддржува борбата со криминалот и корупцијата, но инсистира тоа да се прави законито и согласно принципите на правната држава, со почитување на независноста на судството и јавното обвинителство и гаранциите за фер и правично судење. За жал, Случајот „Кежаровски" одново ја стави под голем знак на прашање довербата на јавноста во функционирањето на правосудниот систем во Република Македонија. На видело излегоа познатите слабости на казненото правосудство.

Станува очигледно дека особено во случаите на организиран криминал и корупција мерката **притвор** се применува по правило, наместо по исклучок, и трае подолго отколку што е тоа неопходно. Наместо продолжувањето на притворот да биде потешко отколку неговото првично определување, кај нас, откако еднаш ќе биде определен притвор, тој се продолжува речиси автоматски. Со тоа домашните судови упорно се оглушуваат на јасната јуриспруденција на судот за заштита на човековите права во Стразбур, според кого по проток на време почетните причини и сомневања на судот повеќе не се доволни.[1]

Статистиките покажуваат дека јавното обвинителство и судовите ретко ги одбиваат барањата на полицијата која несомнено е главен актер во целиот систем. Полицијата не успева да открие ни половина од пријавениот криминал, но затоа огромен процент од сите од нејзина страна пријавени – бидуваат обвинети и осудени! Тоа што можеби нема доволно докази или судењето не било сосема јавно и фер, судот кај обичниот криминал го компензира со благи казни (но, тоа не се случува со медиумски експонираните случаи, таму се покажува „цврста рака"!).[2]

Недовербата на јавноста во системот се продлабочува со продолжувањето на неуставната практика на **исклучување на јавноста** од судските процеси секогаш кога се изведуваат докази добиени со т.н. „посебни истражни мерки" или кога се испитува „заштитен сведок".[3] Овие мерки и така се допуштени само како крајна мерка и како нужно зло, бидејќи се добиени со упаѓање во приватноста и слободите на граѓаните. Токму затоа, државните органи на прогонот на судењето треба да ја убедат пошироката јавност дека се одобрени со добра причина и дека се добиени на законит начин, како и дека со нивната примена не се сосема ограничени можностите на обвинетите сепак да добијат фер судење, што во однос на овие проблематични докази значи адекватна и доволна прилика да се оспорува нивната веродостојност. Од овие причини, ваквите судења мора да се

---

[1] Види: Kozik v. Poland, 18 July 2006, para 38.

[2] Види: Државен завод за статистика, Сторители на кривични дела во 2012, Скопје, 2013 (http://www.stat.gov.мк)

[3] Види: Г. Калајџиев и др., Извештај од набљудуваните предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата во Основниот суд Скопје 1 во Скопје во периодот 2012-2013 год., Коалиција Сите за правично судење, Скопје, 2013.

отворени за јавноста, која ќе може да се увери дали обвинетите добиле правично судење или се работи за политички или полициски монтирани процеси. Наспроти ваквите барања за доследно обезбедување на европските стандарди за фер судење, јавноста во ваквите постапки и натаму се исклучува без да се наведе законски основ. Имено, токму заради деликатноста на проблематиката, Европската конвенција за правата на човекот, Уставот на Република Македонија и Законот за кривична постапка инсистираат на таксативно набројување на основите за исклучување на јавноста, каде изведувањето на доказите добиени со примената на посебните истражни мерки или заштитата на сведоците не се предвидени. Повикувањето на одредбите на Законот за класифицирани информации во врска со потребни сертификати и сл. се очигледно изигрување на принципите на фер судење и затоа повикуваме ваквата практика на неуставно и незаконито исклучување на јавноста да се напушти час поскоро.

## ЗАГИНУВАЊЕТО НА НИКОЛА МЛАДЕНОВ - ПРОДОЛЖЕНА МИСТЕРИЈА

**2.** Случајот со загинувањето на новинарот **Никола Младенов** никако да добие една јасна и општо прифатлива разрешница. Уште од самиот почеток овој случај е проследен со низа контроверзности и нејаснотии. Едноставно, институциите кои се задолжени за неговото истражување немаа логични одговори за серија суштински околности кои се поврзани со трагичниот настан. Веројатно свесни за мистеријата со која е обвиен овој случај, три месеци по настанот, првите луѓе на најпрозваните институции се решија на заедничка прес конференција да го објават конечниот заклучок – а тоа е дека станува збор за класична сообраќајна несреќа, предизвикана од невнимание на сега покојниот Младенов.

Ако во првите денови по незгодата можеше да се прифати истражниот судија и другите истражни органи да немаат одговор на некои значајни прашања, крајно нелогично беше што истите тие дилеми не беа расчистени и по повеќе од три месеци од настанот. Да се закаже прес конференција, на која – на иста маса! – се појавуваат министерката за внатрешни работи, државниот јавен обвинител, јавниот обвинител на ОЈО Скопје и претседателот на Кривичниот суд и да не се одговори на прашањата за тоа каде бил Младенов во времето од 16 до 23 часот на кобниот 26 март годинава; со кого контактирал критичниот ден; каде е неговиот мобилен телефон; зошто не е извршено вештачење на автомобилот и сл. – е целосно неприфатливо. Јавноста беше сведок на неверојатни објаснувања дека сите камери на автопатот од Скопје кон и од Велес не работеле, дека истрагата не утврдила каде бил Младенов во споменатиот период и со кого контактирал, како и тоа дека неговиот мобилен телефон не е пронајден. По ваквите “појаснувања“, општ е впечатокот во јавноста дека оваа заедничка прес конференција не само што не ја расчисти мистеријата за загинувањето на Младенов, туку напротив, ги продлабочи сомнежите во врска со тоа дали станува збор за несреќен случај предизвикан од него самиот.

**ТМ смета дека е крајно неодговорно тоа што правосудните и органите на истрагата не само што не расчистија повеќе дилеми поврзани со загинувањето на новинарот Никола Младенов, туку истите и ги продлабочија, со што оставија простор за натамошни нагаѓања и**

**шпекулации за неговата смрт. Овие сомневања сега се поврзани со највисоките претставници на органите присутни на прес-конференцијата, што упатува на адресите каде во иднина ќе се расчистува овој сомнителен случај.**

## ОТЧЕТНОСТА НА ДЗР

**3.** Од отчетот на Државниот завод за ревизија (ДЗР) во Годишниот извештај за 2012 г., се констатира дека таа година биле извршени помалку ревизии во споредба со 2011 г. Со ревизијата биле констатирани 87 наоди во 35 ревизорски извештаи за користење на средства спротивно на законските прописи, 153 наоди во 53 ревизорски извештаи за неусогласеност со законската регулатива, што упатува на груба повреда на законите, за што треба да следува и соодветна одговорност.

Меѓутоа, наспроти ваквите констатации за непочитување на законите и незаконско користење на средства, што претставува кривично дело, ДЗР до Јавното обвинителство доставил само три ревизорски извештаи поради основано сомневање за сторено кривично дело и еден извештај до другите државни органи - Финансиска полиција, УЈП, ДКСК – но не ја искористил законската можност од чл. 49, во врска со чл. 48, од Законот за кривична постапка (ЗКП) самиот да поднесе кривична пријава.

ДЗР само во 38% од извршените ревизии (или во помалку од половина од контролираните субјекти) дал позитивно мислење, додека во 20% случаи дал мислење со резерва, во 17% - негативно мислење, а во 25% се воздржал од давање на мислење. Бројни незаконитости и повреди на одредбите и процедурите ДЗР констатирал и кај јавните набавки, како што се:

- извршена набавка без спроведување на постапка;
- извршена набавка пред склучување на договорот за јавна набавка;
- слабости во фазата на реализација на склучените договори спротивно на критериумите утврдени во договорите;
- невоспоставени процедури за следење на реализацијата на договорите од квантитативен и од квалитативен аспект;
- слабости во фазата на планирање на јавните набавки (вид на набавки, избор на постапка, планирани количини, планирани финансиски средства, измена на планот и сл.);
- слабости при евалуацијата на понудите и кај предлогот за избор на најдобра понуда;
- слабости во тендерската документација (ТД) согласно ЗЈН или воопшто не изготвена ТД;
- слабости во фазата на донесување на одлука за јавна набавка.

Меѓу посериозните повреди на Законот за јавни набавки се и случаите кога биле склучени договори со цени, услови и останати елементи различни од

понудата, потпишување на договори во рок пократок од законски предвидениот, склучување на анекс-договори кои не се во согласност со законските одредби. Сите овие констатации претставуваат груба повреда на одредбите од Законот за јавни набавки, но креират и сериозни сомевања за кривично дело од чл. 353, ст. 5 од Кривичниот законик (КЗ).

За ваквите незаконитости ДЗР доставил само препораки за нивно отстранување, иако останува нејасно како ќе се отстрани незаконското трошење на буџетските средства што веќе било извршено, без да се преземат мерки за кривична и друга одговорност? Ова и поради постоење на сериозно сомневање дека со незаконското и ненаменско трошење на јавните средства одредени одговорни лица се стекнале со лична материјална корист. Но, и покрај ова, од Извештајот се констатира дека субјектите не ги спровеле ниту сите препораки на ДЗР, ги спровеле само делумно или не доставиле одговор и по истекот на утврдениот рок, од што може да се заклучи дека се игнорирани дури и препораките на ДЗР.

**ТМ оценува дека отсуството на санкции во Законот за јавни набавки само ги охрабрува договорните органи и понатаму да ги кршат законските процедури и одредби, поттикнати и од игнорантскиот и толерантен однос на надлежните органи кон прекршителите. ТМ со загриженост констатира дека иако бројни незаконитости при јавните набавки биле констатирани од ДЗР, но и од невладиниот сектор, јавноста не е информирана дали Јавното обвинителство имало покренато постапка за одговорност и дали била изречена пресуда против јавни службеници инволвирани во таквите незаконски практики.**

**ТМ го повикува ДЗР согласно чл. 49 од ЗКП за сите констатирани незаконски трошења на јавните средства да поднесува кривични пријави заради преземање мерки за утврдување кривична одговорност за сите инволвирани во таквите незаконски практики.**

**ТМ бара од Јавното обвинителство да постапува сериозно, приоритетно, неселективно и одговорно по ревизорските извештаи во кои се констатирани незаконски трошења на јавните средства, со што се нанесува штета на државниот буџет, буџетите на локалната самоуправа и на јавните претпријатија и установи и за постоење на основано сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување од чл. 353 од КЗ.**

## СЕЛЕКТИВНОСТА НА ДКСК ПРИ ПРОВЕРКА НА ИМОТНАТА СОСТОЈБА

**4.** Проверката на имотната состојба на избраните и именувани функционери и други службени лица има за цел спречување на злоупотреба на функцијата и незаконско збогатување за време на вршење на истата или при извршување на службената должност. Ваква обврска согласно Законот за спречување на корупцијата (ЗСК) има Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК). Меѓутоа, наспроти законската дефиниција за независна и самостојна Комисија во извршување на функцијата, во своето досегашно функционирање овој орган

покажа висок степен на пристрасност и селективност при проверката на имотната состојба и покренување на постапка за повреда на ЗСК во зависност од тоа дали се работи за функционери од власта или од опозицијата.

ТМ пред неколку месеци укажа дека, спротивно на законската обврска од чл. 22 од Законот, одделни функционери немат воопшто поднесено анкетен лист, меѓу кои и **Рафиз Алити** (директор на Македонски пошти), други високи функционери (пратеници, министри, судии на Уставен суд и др.) дале непотполни податоци, а на одделни функционери за време на *траењето на мандатот несразмерно им е зголемен имотот во однос на редовните примања.* Таков е случајот со пратеникот **Влатко Ѓорчев** кој се стекнал со голем имот, наспроти неговиот работен стаж и редовни примања. ТМ повторно укажува дека согласно податоците од неговиот анкетен лист, Влатко Ѓорчев поседува стан од 105 м2 во вредност од 110.000 евра, и гаража во вредност од 8.000 евра - купени во 2008 г., односно само две години по стекнување на пратеничкиот мандат. Ако се земе предвид висината на пратеничката плата со разни додатоци за периодот 2006-2008 г., во вкупен износ од околу 30.000 евра, тогаш се поставува прашањето од кои други извори (сума од 88.000 евра) е купен станот и гаражата? Истиот пратеник во 2011 г. се стекнал и со земјиште во Сопиште од 3.376.980,00 денари (околу 53.000 евра), а во 2013 г. се стекнал и со куќа во вредност од 8.488.406,00 денари (околу 137.000 евра) која, според изнесеното во јавноста, била купена со пари од наследство на сопругата, но за која и самата ДКСК констатира дека има непотполни податоци! Покрај ова, г. Ѓорчев поседува и моторни возила, но и орочени средства од над 20.000 евра и сето тоа стекнато откако стана пратеник во Собранието на РМ.

ТМ повика ДКСК и УЈП да проверат од кои извори на средства г. **Фатмир Бесими** (актуелен министер за евроинтеграции), кој во 2010 г., кога вршел функција министер за економија, се стекнал со недвижен имот куќа со површина од 410 м2 во вредност од 220.000 евра, за што е наведено дека земал кредит од 80.000 евра (без да наведе од која банка), а нема дадено податоци за изворот на поголемиот износ на средства за изградба на куќата?

**ТМ уште еднаш бара од ДКСК, согласно чл. 36,ст. 1, ал. 1 и 2 и ст. 2 од ЗСК да покрене постапка за испитување на имотот и имотната состојба на функционерите кои не ја исполниле законската обврска за пријавување на имотната состојба или дале непотполни податоци согласно барањата од Законот, особено во случаите на несразмерно стекнување имот споредено со редовните примања на функционерите за време на траење на мандатот. Во спротивно, постои сериозно сомневање дека со таквото однесување членовите на ДКСК сториле кривично дело од чл. 353-в од КЗ (несовесно работење во службата) и чл. 353 (злоупотреба на службената положба и овластување), за што треба да сносат и соодветна одговорност пропишана во овие членови.**

**ТМ бара исто така, ДКСК да ја извести јавноста до каде е постапката за испитување на потеклото на имотот на г. Владимир Талески, градоначалник на Битола, за кого по иницијатива на опозицијата отворила предмет на 05.04. 2013 г.? Потсетуваме дека ДКСК по сопствена иницијатива по „добиени информации**

**од јавноста“ отворила предмет за г. Андреј Жерновски, градоначалник на Центар, на 21.03.2013 г. (за што подоцна добила и претставка од ВМРО-ДПМНЕ на 02.04.2013 г.) и експресно го решила овој предмет.**

## ВРАБОТУВАЊА ВО „МАКЕДОНСКИ ШУМИ“

**5.** Владиниот проект за вработување на 1.600 лица во **ЈП „Македонски шуми“** покажува тенденција на власта – својствена на комунизмот и планската социјалистичка економија – јавните претпријатија да се користат како средство преку кое Владата ќе го решава проблемот со невработеноста. Целите поради кои се основаат јавни претпријатија се јасно дефинирани во законот, а нивната улога е да обезбедат вршење дејности од јавен интерес. Еден од принципите врз кои почива Законот за јавните претпријатија е нивната пазарна ориентираност, со почитување на правилата на конкуренцијата на пазарот. Тоа подразбира оптимизирање на бројот на вработените во јавното претпријатие, со цел тоа да биде одржлив деловен субјект на пазарот.

Однесувањето на Владата во целост ја негира логиката на постоењето на ЈП „Македонски шуми“, давајќи му улога на социјална установа. Така, наместо да обезбеди ефикасно спроведување на јавниот интерес – грижата за шумите, како исклучително национално богатство – ова ЈП во натамошниот период ќе треба да менаџира армија од 1.600 непродуктивно нововработени.

**ТМ ја повикува Владата на РМ да не ги компензира своите неуспешни економски политики кои не отвораат нови работни места во реалниот сектор со небулозни вработувања во јавниот сектор на државата. Крајно време е Владата да престане да ги користи јавните претпријатија и јавните установи за непродуктивно вработување на своите партиски членови, бидејќи овие субјекти одамна имаат сериозен проблем со преворботеност и тонат во огромни долгови. Проблемот со невработеноста мора да се решава со создавање на амбиент во кој приватното стопанство, а не јавниот сектор, ќе биде водечкиот фактор за позначајни нови вработувања**.

## РМ НА ДНОТО ПО ВЛЕЗ НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ

**6.** Извештајот за инвестициите во светот за 2012 г., публикуван во 2013 г. на Конференцијата за трговија и развој на Обединетите Нации (UNCTAD – United Nations Conference for Trade and Development), аргументирано ја разобличува популистичката политика на Владата на РМ во поглед на привлекувањето на странски инвестиции. Во овој извештај Македонија е позиционирана на дното од листата на земји во транзиција според влез на странски инвестиции во 2012 г. Од вкупните странски директни инвестиции во земјите во транзиција во износ од **87,382 милиони долари**, во Република Македонија влегле само **135 милиони долари**, или незначителни 0,15%. Состојбата не е ништо подобра и во изминатите години кога овој процент изнесуваше 0,5% во 2011, 0,3% во 2010, 0,27% во 2009, 0,5% во 2008 и 0,7% во 2007 г. Овие податоци покажуваат дека Македонија е надвор од тековите на странските директни инвестиции во светот и дека Владата

на РМ доживеа целосен неуспех во привлекување на странските инвестиции во земјата. Дека ситуацијата е алармантна покажува и фактот дека Република Македонија е зад сите земји од Балканот, кои се аспиранти за влез во ЕУ, и тоа зад Албанија со 957 милиони долари, Босна и Херцеговина со 633 милиони долари, Црна Гора со 610 милиони долари, Србија со 352 милиони долари и Косово со 298 милиони долари.

Зошто Владата на РМ, првенствено преку премиерот и министерот за финансии, упорно ја форсираат тезата за успех на РМ во привлекување на странски директни инвестиции? Дали најсилниот аргумент во таквата политика – дека Република Македонија е „даночен рај“ за странските инвеститори – не е само популистичка реторика за домашна употреба, што не предизвикува интерес кај инвеститорите во светот? Зошто 7 години наназад се трошат огромни средства за прошетки на премиерот и 3-4 други министри по сите светски меридијани за разни „роуд-шоуа“, кога резултатите од тоа се невидливи? Што работат и колкав е трошокот за триесетината економски промотори кои Владата на РМ ги испрати во триесетина земји, а кои не покажуваат никакви резултати? Најважно, кои се вистинските причини поради кои странските директни инвестиции ја заобиколуваат оваа држава?

**ТМ ја потсетува Владата на РМ дека, покрај ниските даноци, постојат низа други фактори кои го детерминираат нискиот обем на странските директни инвестиции во Македонија, а тоа се: политичката нестабилност, политичките притисоци и контрола врз судскиот систем, слабата заштита на сопственичките права, неефикасната и гломазна јавна администрација, корупција од големи и масовни размери, неразвиената крупна инфраструктура и тн.**

Во следот погрешни политики, премиерот на Владата на РМ сега најавува проект со кој Агенцијата за странски инвестиции ќе изготви интернет страница на која ќе има детални информации за најмалку 400 моментно неискористени хали и објекти во Македонија, кои ќе им бидат на располагање на потенцијалните инвеститори. Изјавата на премиерот Груевски дека „најголем број од инвеститорите градат нови капацитети зошто не знаат дека располагаме со објекти кои во моментов од различни причини не се во функција, а може да се искористат со мали интервенции, особено во однос на правната состојба која кај дел од нив е сложена“ – е спротивна на политиката што Владата на Груевски ја водеше со Технолошко-индустриските развојни зони (ТИРЗ). Имено, во ТИРЗ на странските инвеститори им беа нудени многу големи погодности, од изградба на целосна инфраструктура, фабрички и административни згради, па до разни даночни ослободувања, што значи дека странските инвеститори воопшто и не морале да градат капацитети, бидејќи тоа беше основната намена на ТИРЗ.

**ТМ прашува: Значи ли овој пресврт во политиката на Владата дека ТИРЗ, всушност, не дадоа никакви резултати и дека инвестициите во ТИРЗ се неоправдано потрошени државни пари? Или и оваа прикаска за „400 неискористени хали“ е наменета само за домашната јавност, за да се создаде перцепција дека Владата многу напорно работи, иако резултатите од тоа се минимални?**

## КРИМИНАЛНО ОДЛЕВАЊЕ НА ПАРИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НАДВОР ОД ЗЕМЈАТА

**7.** Истражувањата на реномираниот хрватски Институт Адријатик за јавна политика покажува дека во периодот 2001-2010 г., неверојатни **4,6 милијарди долари од кои најголем дел во последните неколку години** (или 44% од БНД) незаконски биле изнесени од Република Македонија по основ на криминал, корупција и даночно затајување од страна на политичари. Овој износ е шоканетен ако се земе предвид сè поголемиот процент на сиромашни граѓани во земјата, катастрофално ниското ниво на странски инвестиции и економското фијаско во водењето на стопанската политика во земјата што делумно е резултат и на индициите за незаконско и дрско посегање по парите на граѓаните.

**ТМ прашува дали во овие одлеани милијарди долари се содржани и средствата од неколкукратно преплатените споменици и објекти од мегаломанскиот проект „Скопје 2014“, проследен со баснословни авторски хонорари и други трошоци? Дали во одлеаните пари спаѓаат прескапо платените автобуси; компјутерите за секое дете; повеќекратно поскапата опрема за здравството; десетиците милиони евра потрошени за „засадување на иднината“; бројните бесмислени рекламни кампањи на Владата; лошите преводи на стотици странски книги кои не се користат; стотиците милиони евра годишно за увоз на скапа електрична енергија, наместо вложување во изградба на домашни капацитети; разните субвенции во земјоделството, иако тоа од година во година дава сè полоши резултати; и бројни слични проекти од големите „реформи“ на Владата?**

**Всушност, ТМ бара од надлежните органи, посебно од Управата за спречување на перење пари и финансирање тероризам, Финансиската полиција, Управата за јавни приходи, Јавното обвинителство и она за организиран криминал, ДКСК и органите за прогон од Министерството за внатрешни работи да се обидат да одговорат на едноставното прашање: КАДЕ СЕ ПАРИТЕ?**

## НЕОДГОВОРНО ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА И СЛУЖБЕНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА

**8.** И последниот грабеж во објект на Македонски пошти (во низата други кои се случија предходно), при што биле украдени **212.000 евра**, повторно покажа дека партизацијата и непотизмот при вработувањето и унапредувањето во Македонски пошти, слично како и во целата јавна администрација, наместо стручноста, искуството и професионализмот, за што постојано укажува и ЕК, резултира со несовесно и ноншалантно вршење на службената должност и овластување, што се одразува и врз сигурноста на имотот на Поштата.

**ТМ ги повикува надлежните органи во РМ да се обидат да решат еден од случаите на грабежи во Македонски пошти. ТМ смета дека за ваквиот неуспех на истражните органи одговорност треба да понесат и одговорните лица од највисокиот ешалон на МВР.**

**СЕПТЕМВРИ 2013**

**Транспарентност Македонија**

**Бул. "Илинден" 50, 1000 Скопје Република Македонија**

**тел./факс: 02/ 31 21 100**

**www.transparentnost-mk.org.mk**